Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Опоштина Кратово за 2022 година бр.09-812/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-841/1
01.06.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р. Македонија бр.5/2002), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.Македонија" бр.61/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, 244/2019, 53/2021, 77/2021 и 150/2021) Советот на општина Кратово на деветтата седница одржана на ден 31.05.2022 година донесе:

## О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Дотациии | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JA0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 486120 Купување на камиони | -638.600 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 425980 Надзор над одржување на изградбата | 638.600 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Се овластува стручната служба да изврши конечно усогласување на планираните и извршените позиции во Буџетот на општина Кратово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 812/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Опоштина Кратово за 2022 година бр.09-813/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-842/1 **Градоначалник**
01.06.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р. Македонија бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.Македонија" бр.61/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, 244/2019, 53/2021, 77/2021 и 150/2021) Советот на општина Кратово на деветтата седница одржана на ден 31.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2022 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Самофин. | Дотациии | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 741116 Наменска дотација на општината за активности од културата | 245.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **245.000** | **0** | **0** | **0** |
| и се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **К20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 401130 Основни плати-други вработени | 162.267 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | 14.125 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 46.060 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 18.375 | 0 | 0 | 0 |
| 402220 Основен придонес за професионално заболување | 1.225 | 0 | 0 | 0 |
| 402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување | 2.948 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Се овластува стручната служба да изврши конечно усогласување на планираните и извршените позиции во Буџетот на општина Кратово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 813/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во планска документација за К.П.2575 КО Куклица, Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во планска документација за К.П.2575 КО Куклица, Општина Кратово бр.09-814/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-843/1 **Градоначалник**
01.06.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 2 став 1,алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16) и член 15 од Статутот на општина Кратово ("Сл.Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во планска документација за К.П.2575 КО Куклица, Општина Кратово**

**Член 1**

Се утврдува дека не може да се изврши усогласување на намената на бесправно изграден објект-деловен простор на к.п.2575,КО Куклица, односно не може да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој не може да се изврши усогласување на намените,односно не може да се донесе урбанистичко-планска документација се наоѓа на к.п.2575 ,м.в.*керана* КО Куклица, од причини што бесправниот објект е со намена која не е во согласност со намената на земјиштето на која е изграден објектот утврдена со Просторен план на Република Македонија, објект изграден од страна на Константин Ефремов од Кратово, на земјиште во сопственост на Константин Ефремов од Кратово, Борче Наков од Кратово и Иконија Јованова од с.Кетеново.

**Член 3**

Изработка на урбанистички план за овој локалитет во село Куклица, не може да се изработи од причини што постои план од повисоко ниво

Просторен план на Република Македонија на водотекот Крива Река со планирана изградба на акумулација Вакуф со корисен волумен 150 x $10^6$м$^3$ со намена за енергетика, задршка на нанос, наводнување, водоснабдување, оплеменување на мали води и контрола на поплави.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во *Службен Гласник на општина Кратово*.

09-814/1 — **Претседател**
31.05.2022 г. — **на советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во урбанистичко-планска документација за К.П.97/3 за КО Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во урбанистичко-планска документација за К.П.97/3 за КО Кратово бр.09-815/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-844/1 — **Градоначалник**
01.06.2022 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/1, 190/17) и (Службен весник на Република Северна Македонија бр.174/21), член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (Сл.весник на Република Македонија бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16) и член 15 од Статутот на општина Кратово (Сл.Гласник на Општина Кратово бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на бесправен објект за кој не може да се изврши усогласување на намената на објектот со намената на земјиштето одредена во урбанистичко-планска документација за К.П.97/3 за КО Кратово**

**Член 1**

Се утврдува дека не може да се изврши усогласување на намената на бесправно изграден објект на к.п.бр.97/3 и дел од к.п.98/7 за КО Кратово на ул.Мирче Ацев бр.8 во Кратово, изграден од страна на Нацка Стоилкова со намена Б1-1 дуќани на земјиште во сопственост на Нацка Стоилкова од Кратово со стан на ул.Мирче Ацев бр.8 и Република Северна Македонија.

**Член 2**

Бесправниот објект изграден на улица Мирче Ацев бр.8 во Кратово, на к.п.бр.97/3 и дел од к.п.98/7 за КО Кратово е со намена Б1-1 дуќани ,додека

намената во урбанистичко-планската документација Детален урбанистички план (ДУП) за дел од Урбана Единица 2,дел од Урбан Блок 4-Кратово е со предвидена намена А1-семејно домување во станбени куќи.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во *Службен Гласник на општина Кратово*.

09-815/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Опоштина Кратово за 2022 година бр.09-816/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-845/1 **Градоначалник**
01.06.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 40 став 2 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе

**О Д Л У К А**

**за дополнување на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Во Годишната Програма за изработка на урбанистички планови на општина Кратово за 2022 година, бр.09-1613/1 од 27.12.2021 година, во наслов

**Д. Урбанистички проекти**

се додава нова точка 4

Изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објекти со намена Е.1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.бр.524, КО Секулица, Општина Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-816/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово бр.09-817/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-846/1 **Градоначалник**
01.06.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 96/21), и член 15 од Статутот на општина Кратово („Службен гласник на Општина Кратово" бр.06/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година донесе :

**О Д Л У К А**

**за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово**

**Член 1**

Се врши дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово број 09-456/1 од 15.03.2022 година, објавена во Службен гласник на општина Кратово бр.4 од 17.03.2022 година.

**Член 2**

Дополнувањето на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово број 09-456/1 од 15.03.2022 година, објавена во Службен гласник на Општина Кратово бр.4 од 17.03.2022 година се врши во наслов **XII Графички дел на програмата** и тоа:
-дополнување со нова локација (бр.4) за поставување на опрема за забава на деца,детски игралишта и спортско рекреативни површини.

**Член 3**

Прилог на оваа Одлука за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово е нов графички прилог- локација бр.4 која се наоѓа на катастарска парцела 142/2,КО Кратово, во дворното место на ООУ „Кочо Рацин“, ул. „Михајло Апостолски“ бр.11 во Кратово, **за поставување на спортско игралиште.**

Бр.09-847/1
01.06.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кратово“.

09-817/1
31.05.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за избор**
**на Командир на Полициска станица**
**од општа надлежност Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за избор на Командир на Полициска станица од општа надлежност Кратово бр.09-818/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Врз основа на член 36 став (1) Точка 12 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 24 став (1) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и 294/21), а во врска со Втора листа на кандидати за избор на командир на Министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија бр.22.6-50473/1 од 12.05.2022 година и согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на Командир на Полициска**
**станица од општа надлежност Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово за Командир на Полициската станица од општа надлежност Кратово го избра Јонче Гроздановски-т.Борис, државјанин на Република Северна Македонија, македонец, роден во с.Шопско Рударе, Кратово на 03.11.1965 година, со живеалиште во Кратово на ул."Тошо Куковски" бр.64, со завршено високо образование-Економски факултет и 30 години работно искуство во полиција.

Оваа одлука да се достави до Министерот за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09-818/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-819/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-848/1 **Градоначалник**
01.06.2022 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-717/1 од 10.05.2022 година на Светлана Смиљкова со адреса на живеење на ул."Бреза" бр.11, Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-717/1 од 10.05.2022 година поднесено до Општина Кратово од Светлана Смиљкова со адреса на живеење на ул."Бреза" бр.11, Кратово за доделување на парична помош за лекување на ќерка и Сашка Смиљкова која е лице со посебни потреби, глувонема 100%, а барателката, нејзиниот сопруга и ќерка им Сашка се невработени.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателката и се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 10.000,00 (десет илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-819/1
31.05.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-820/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-849/1
01.06.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-770/1 од 23.05.2022 година на Тони Димитров со адреса на живеење во село Железница, Општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-770/1 од 23.05.2022 година поднесено до Општина Кратово од Тони Димитров со адреса на живеење во село Железница, Општина Кратово за доделување на парична помош бидејќи живее сам,, невработен е, нема никакви примања и има проблеми со видот и не е способен за работа.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 6.000,00 (шест илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

Бр.09-850/1
01.06.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-820/1
31.05.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-821/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-772/1 од 23.05.2022 година на Јорданче Трајчев со адреса на живеење на ул."Планинска" бр.9, Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-772/1 од 23.05.2022 година поднесено до Општина Кратово од Јорданче Трајчев со адреса на живеење на ул."Планиска" бр.9, Кратово за доделување на парична помош за операција на око, а истиот е невработено лице.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од 6.000,00 (шест илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019).

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

Бр.09-851/1
01.06.2022 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-821/1
31.05.2022 г.
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за доделување на помош од Буџетот на Општина Кратово бр.09-822/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.10.2019), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година расправајќи по Барањето бр.09-680/1 од 03.05.2022 година на Владо Атанасовски со адреса на живеење во село Страцин, Општина Кратово, а на предлог на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од Буџетот на општина Кратово ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**Член 1**

Со одлуката Советот на Општина Кратово го прифаќа Барањето бр.09-680/1 од 03.05.2022 година поднесено до Општина Кратово од Владо Атанасовски со адреса на живеење во село Страцин, Општина Кратово за доделување на парична помош за плаќање приклучок за струја бидејќи и тој и неговото семејство се во тешка економска и социјална состојба, и тој и сопругата се невработени со одредени здравствени проблеми и имаат едногодишно дете и живеат во куќичка во село Страцин во која немаат приклучено струја.

За таа цел согласно предлогот на Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово на барателот му се одобруваат финансиски средства во вкупен бруто износ од

12..000,00 (дванаесет илјади) денари согласно Правилникот за критериуми за доделување помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2019 и 7/2019), а парите да се уплатат на ЕВН Македоноја по добиен платен налог.

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение за реализација на доделената помош преку Програмата А0-Совет на Општина, ставка 471-Социјални надоместоци од Буџетот на Општина Кратово за 2022 година".

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-822/1 — **Претседател**
31.05.2022 г. — **на советот на Општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за овластување на Градоначалникот на општина Кратово за доделување на средства како донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на книга**

**1.Се објавува: Заклучок за овластување на Градоначалникот на општина Кратово за доделување на средства како донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на книга бр.09-823/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.05.2022 година.

**2.** Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-852/1 — **Градоначалник**
01.06.2022 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 и член 36 став од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.05.2022 година расправајќи по Барањето за донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на книга бр.09-735/2 од 13.05.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**за овластување на Градоначалникот на општина Кратово за доделување на средства како донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на книга**

**Член 1**

Со Заклучокот Советот на Општина Кратово расправајќи по Барањето за донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на книга бр.09-735/2 од 13.05.2022 година поднесено до советот од Анкица и Горданчо Николови кои бараат финансика помош од 25.000,00 до 30.000,00 денари за печатење-издавање на книгата "Шепотот на вистината" напишана од нивната ќерка Елена Николова ученичка во 8-мо одделение при ООУ "Кочо Рацин"-Кратово која во оваа учебна 2021/2022 година била повеќе пати наградувана на конкурсите за литетарурни творби и на општинско и на државно ниво заклучи и го овластува Градоначалникот на општина Кратово да во рамките на средствата предвидени во општинскиот буџет за 2022 година од Програмата за активностите на општина Кратово од областа на културата и туризмот за 2022 година бр.09-1326/1 ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.13/2021) додели средства како донација на дејност од јавен интерес со цел издавање и печатење на погоренаведата книга.

**Член 2**

За реализација на овој Заклучок се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да изготви Решение.

**Член 3**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09-823/1 **Претседател**
31.05.2022 г. **на советот на Општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

0